20 години Дирекција за безбедност на класифицирани информации

5 март 2004 година – 5 март 2024 година

Скопје, март 2024 година

Со искажаната определба за интеграција во евроатлантските структури, тогашна Република Македонија започна да ги презема неопходните чекори за приближување кон НАТО и кон ЕУ, што подразбираше воспоставување соработка со тие меѓународни организации и на безбедносно поле, а со тоа и започнување размена на класифицирани информации и нивна заемна заштита. Во ноември 1995 година, со потпишување на Рамковниот документ за пристапување кон НАТО програмата Партнерство за мир и станувајќи членка на Северноатлантскиот совет за соработка, подоцна Евро-атлантски партнерски совет, една од задачите на државата беше да отвори свое претставништво во Брисел и соодветни тела во земјата за воспоставување директна соработка со НАТО. За таа цел, во јануари 1996 година, преку размена на писма е склучен безбедносниот договор меѓу Република Македонија и НАТО во којшто се утврдени безбедносните аранжмани и заемните обврски при остварувањето на безбедносната соработка. Следствено на тоа, во јуни 1996 година во Седиштето на НАТО во Брисел е отворена Канцеларијата за врски, а при крајот на 1997 година и Постојаната мисија на Република Македонија при НАТО, додека во рамките на Министерството за одбрана е формирана Службата за реципрочна безбедност за заштита на информации што се разменети меѓу Република Македонија и НАТО. За безбедна дистрибуција на класифицираните информации до крајните корисници, во Службата е формиран Централен регистар, а во Министерството за внатрешни работи и во Министерството за надворешни работи се формирани првите подрегистри за класифицирани информации.

Со тоа се создаде можност за понатамошно унапредување на соработката со НАТО којашто во април 1999 година резултира со тоа што Република Македонија стекна статус на земја аспирант за членство во Алијансата и отпочна со подготовка и реализација на Акциониот план за членство. Согласно преземените обврски за таа цел и обврските што произлегуваа од Партнерските цели во рамките на членството во Програмата Партнерство за мир, во март 2002 година со Одлука на Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“, бр. 21/02) е формиран Националниот безбедносен авторитет на Република Македонија во НАТО контекст (НБА) како стручна служба на Владата. НАТО го поздрави напредокот на Службата со забелешка дека таа и понатаму треба да се развива со цел успешно да ги извршува своите задачи и да биде финансиски самостојна. Во таа насока, тогашната Влада донесе одлука за промени во безбедносниот сектор поврзани со размената и ракувањето со информациите што имаат чувствителен или таен карактер, коишто беа во насока на донесување посебен закон со којшто ќе се регулира заштитата на класифицираните информации во земјата.

Терминот „класифицирани информации“ за прв пат официјално се воведе во националната регулатива преку Законот за класифицирани информации („Службен весник на РМ“, бр.9/04) што влезе во сила на 5 март 2004 година и со којшто поранешната владина служба Национален безбедносен авторитет прерасна во Дирекција за безбедност на

класифицирани информации како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице. При подготовката на Законот беа користени искуствата од Словенија и од Чешката Република, а беше консултирана и НАТО Канцеларијата за безбедност. Согласно Законот, во ноември 2004 година беа донесени Уредбата за административна безбедност на класифицирани информации, Уредбата за физичка безбедност на класифицирани информации и Уредбата за безбедност на лицата корисници на класифицирани информации („Службен весник на РМ", бр. 82/2004), а во март 2005 година беа донесени Уредбата за индустриска безбедност на класифицирани информации и Уредбата за информатичка безбедност на класифицирани информации („Службен весник на РМ", бр. 16/2005). Дополнително беа донесени и други интерни правни акти врзани со заштитата на класифицираните информации согласно безбедносните стандарди на НАТО и ЕУ, со што се заокружи правната рамка за заштита на класифицираните информации.

Како резултат на определбата за евроатлантска интеграција на земјата и утврдувањето на полноправното членство во Европската унија како една од националните стратешки цели, во април 2001 година е потпишана Спогодбата за стабилизација и асоцијација во ЕУ. Спогодбата којашто ги постави основите за продлабочена и структурна соработка во бројни области, вклучувајќи ја и безбедносната, стапи на сила во 2004 година, а една година подоцна земјата се стекна со статусот земја - кандидат за членство во Европската Унија, што отвори нови перспективи и хоризонти во соработката, вклучително и учество во програмите и заедничките политики на Унијата. Во тој период, односно во март 2005 година, директорот на Дирекцијата, во име на Владата, ја потпиша Спогодбата со ЕУ за безбедносни процедури за размена на класифицирани информации („Службен весник на РМ" бр. 56/2005), а во мај истата година беа склучени Безбедносните аранжмани за заштита и чување на класифицираните информации разменети со ЕУ. Спогодбата влезе во сила во јули 2005 година и со тоа се отвори можноста за поблиска соработка на Дирекцијата со Канцеларијата за безбедност при Генералниот секретаријат на Унијата којашто во годините што следеа се манифестира преку бројни работни посети, средби и друг вид на билатерална соработка во земјата и во институциите на ЕУ во Брисел.

Стратешката определба на земјата за унапредување на меѓународната и на регионалната соработка на полето на безбедноста го отвори патот за Дирекцијата кон воспоставување поблиски релации со сродните служби од регионот. Како резултат на тоа, во октомври 2006 година беше склучена Спогодбата за размена и заемна заштита на класифицирани информации со Бугарија, а во ноември истата година беше склучена и спогодбата со Албанија. Во периодот од 2008 до 2021 година Дирекцијата реализира бројни активности врзани за уредувањето на договорната билатерална соработка со странски држави на ниво на Влада. Притоа беа склучени вкупно 20 билатерални договори, и тоа: со Чешката Република (во август 2008 година), со Словачката Република (во ноември 2008 година), со Хрватска (во ноември 2008 година), со Естонија (во ноември 2008 година), со

Украина (во јуни 2009 година), со Полска (во ноември 2009 година), со Словенија (во март 2010 година), со Франција (во јули 2010 година), со Германија (во јули 2012 година), со Србија (во февруари 2014 година), со Босна и Херцеговина (во мај 2014 година), со Унгарија (во јули 2014 година), со Шпанија (во ноември 2014 година), со Италија (во мај 2016 година), со Романија (во август 2016 година), со Австрија (во јуни 2018 година), со Луксембург (во септември 2018 година), со Црна Гора (во мај 2019 година), со Грција (во јануари 2021 година) и со САД (во декември 2021 година).

Потребата за воспоставување контрола врз ракувањето и заштитата не само на странските туку и на националните класифицирани информации, како и за воспоставување инспекциски надзор врз сите државни органи и други физички и правни лица за доследна примена на Законот за класифицирани информации, резултира со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации („Службен весник на РМ“, бр. 113/07) во септември 2007 година.

По циклусот измени и дополни на Законот за класифицирани информации („Службен весник на РМ“ бр. 145/2010, 80/2012, 41/2014, 21/2018 и 83/2018), се утврди потребата за донесување нова законска регулатива којашто ќе ги следи тековните трендови во ракувањето со класифицирани информации. За таа цел, во декември 2019 година се донесе новиот Закон за класифицирани информации(*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19) во којшто е извршена транспозиција на Одлуката на Советот од 23 септември 2013 година во однос на правилата за безбедност за заштита на класифицирани информации на ЕУ (CELEX 32013D0488). Изработен врз основа на практичните искуства во работата со класифицирани информации, новото законско решение попрецизно го уредува системот за заштита на класифицирани информации во Република Северна Македонија, овозможува високо ниво на усогласеност со безбедносните политики на НАТО и ЕУ и регулира прашања од други области што се тесно поврзани со безбедноста на класифицираните информации. Врз основа на донесениот закон, во текот на 2020 и 2021 година беа донесени повеќе подзаконски акти во форма на правилници од доменот на безбедноста на лица-корисници на класифицирани информации и од доменот на инспекцискиот надзор, додека во јули 2022 беше донесена новата Уредба за безбедност на лица-корисници на класифицирани информации, а во октомври 2023 година беше донесена и новата Уредба за административна безбедност на класифицирани информации и на информации за ограничена употреба. Во меѓувреме, донесени се повеќе интерни акти од доменот на надлежностите на Дирекцијата, како и акти врзани за спроведувањето на други закони од коишто произлегуваат обврски за Дирекцијата како самостоен орган на државната управа.

Движејќи се на линијата на евроатлантските интегративни процеси на Владата, Дирекцијата презема чекори за зајакнување на својата улога во рамките на безбедносната структура во Република Северна Македонија. Во тој контекст е и континуираното присуство

на вработени од Дирекцијата во рамките на мисиите при НАТО и ЕУ во Брисел од 2008 година до денес, со што се дава придонес на севкупните национални напори за стекнување полноправно членство во меѓународните организации и зајакнување на позицијата на државата на меѓународен план.

Дирекцијата е активен учесник во регионалните и во мултинационалните форуми за соработка во доменот на заштитата на класифицираните информации. Еден од нив е Форумот на националните безбедносни авторитети на земјите од Југоисточна Европа (SEENSA) во којшто Дирекцијата активно е вклучена од неговото формирање во 2011 година па сè до денес, и во тој период на два наврати, во 2015 и во 2022 година, беше претседавач и домаќин на годишните состаноци на директорите на националните безбедносни авторитети што се одржаа во Скопје, а во 2023 година беше коорганизатор и домаќин на годишниот состанок што се одржа во Охрид. Забележителен е ангажманот на Дирекцијата и во рамките на соработката меѓу директорите на националните безбедносни авторитети на земјите од поранешните југословенски републики (формат 6S), а успешната соработка со партнерските служби од регионот особено се рефлектира и на билатерално ниво преку реализација на бројни средби на експертско и на директорско ниво, како и преку реализација на други активности од заемен интерес. Дирекцијата учествува и во Мултинационалната работна група за индустриска безбедност (MISWG) во која во 2013 година се стекна со статус на земја набљудувач, а од јануари 2023 година и со статус на полноправна членка.

Како резултат на воспоставените релации со службите од земјите партнери и соработката во мултинационалните форуми, претставници на Дирекцијата учествуваат на меѓународни активности што се организираат во земјата и во странство, коишто обработуваат теми од доменот на безбедноста на класифицираните информации, но и на справувањето со безбедносните предизвици во поширока смисла. Во таа смисла, Дирекцијата учествува во активности организирани од Европскиот центар за безбедносни студии Џорџ Маршал од Гармишпаренкирхен од Германија, од Регионалниот совет за соработка (RCC) од Сараево и остварува успешна соработка со Канцеларијата за соработка во одбраната при Амбасадата на САД во Скопје. Исто така, Дирекцијата остварува успешна соработка и со Канцеларијата на Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (DCAF) во Скопје со чијашто поддршка се реализирани бројни проекти од голема важност за реализацијата на целите и задачите на Дирекцијата.

Стекнувањето статус на полноправна земја членка на НАТО на Република Северна Македонија создава задачи и обврски за Дирекцијата и во поглед на учество во работата на Комитетот за безбедност на НАТО и давање придонес во изработката на актите од доменот на безбедносната политика на НАТО. Врзано за обврските и активностите што произлегуваат од членството во НАТО, директорот на Дирекцијата е еден од членовите на Советот за координација на активностите поврзани со членството на Република Северна

Македонија во НАТО со којшто претседава премиерот на Владата, а претставници на Дирекцијата се активно вклучени во работата на експертскиот Работен комитет којшто функционира во поддршка на Советот.

Во однос на обврските коишто се преземаат на национално ниво во поглед на стекнувањето полноправно членство во Унијата, Дирекцијата активно учество во активностите врзани за поглавје 31 - Надворешна безбедносна и одбранбена политика (НБОП) од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА). Дирекцијата има воспоставено релации и соработка со Канцеларијата за безбедност на Генералниот секретаријат на Советот на ЕУ и со Европската комисија преку којашто на повеќе наврати, во соработка со партнерските служби на земјите членки на ЕУ, се искоритени можностите на TAIEX инструментот за реализација на студиски посети, работилници и експертски мисии во земјата и во странство.

Во изминатите 20 години, од своето формирање па до денес, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, врз основа на својата надлежност и врз основа на плановите за развој, има реализирано многу проекти и активности врзани за унапредување на системот за заштита на класифицираните информации во земјата. Притоа, Дирекцијата континуирано учествува со стручна помош во изработката на интерни акти и упатства за работа со класифицирани информации на државни органи и приватни компании кај коишто е утврдена таква потреба. Иницира склучување билатерални договори со други држави, организира семинари и обуки за корисниците на класифицирани информации. Во согласност со своите законски надлежности, Дирекцијата врши редовни и вонредни инспекциски надзор во регистрите за класифицирани информации и во други организациски единици во кои се ракува со класифицирани информации. За својата работа, Дирекцијата редовно ја известува Владата преку годишен извештај што се објавува на службената веб страна, а за својата транспарентност во однос на информирање на јавноста, согласно извештајот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер од 2022 година за транспарентноста на државните институции во Република Северна Македонија, Дирекцијата е рангирана како институција со високо ниво на транспарентност.